„Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, откако ќе го клањаше сабахскиот намаз, остануваше на своето место сè додека сонцето убаво не изгрееше

Џабир бин Семура, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, откако ќе го клањаше сабахскиот намаз, остануваше на своето место сè додека сонцето убаво не изгрееше. Тој не стануваше од местото каде што го клањаше сабахот сè додека не изгрееше сонцето. А кога сонцето ќе изгрееше, стануваше. Асхабите разговараа и спомнуваа нешта од времето на џахилиетот, па се смееја, а тој се насмевнуваше заедно со нив.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Од сунетот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, е тоа што по сабахскиот намаз седел на местото каде што клањал сè додека сонцето добро не изгреело. Кога сонцето ќе изгреело, тој станувал, а асхабите меѓусебно разговарале и спомнувале нешта од времето пред исламот. Тој молчел, а тие се смееле, а понекогаш и тој се насмевнувал со нив.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65411